**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 19.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 20.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/231
20.08.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Струмица,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Радовиш,** во која се наведува дека пожарот во реонот на **селата Покрајчево** и **Злеово** е активен и е надвор од контрола. Во гаснењето на пожарот учествуваат **ТППЕ Радовиш** со 10 пожарникари и 2 ПП возила и **ШС „Плачковица“** со 10 вработени и 2 теренски возила. Екипа на **ШС Плачковица** ќе биде дежурна во текот на ноќта.

На ден **20.08.2019 година** од раните утрински пожари за гаснење на пожарот се ангажирани **ТППЕ Радовиш** со 8 пожарникари и 2 ПП возила и **ШС „Плачковица“** со 32 вработени и 4 теренски возила.

**ТППЕ Валандаво** известува дека пожарот во реонот на **с.Грчиште** каде горела нискостеблеста шума и сува трева е локализиран и под контрола. Во гаснењето на пожарот учествувале **ТППЕ Валандово** со 5 пожарникари и 1 ПП возило и **ШС „Санџак“** со 4 вработени и 2 теренско возило.

На ден **20.08.2019 година** од раните утрински пожари за гаснење на пожарот се ангажирани **ТППЕ Валандово** со 3 пожарникари и 1 ПП возило и **ШС „Санџак“** со 10 вработени и 2 теренски возила.

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ Кочани** со 10 пожарникари и 3 ПП возила од 14:40 часот, интервенираат за гаснење на запалена сува трева помеѓу **селата Бање** и **Спанчево**. Поради непристапниот терен **пожарот не е изгаснат**. Луѓето се повлечени од терен, со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

### *1.2. Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека над **с.Љубин** во правец кон **с.Рашче** на неутврдена поголема површина зафатена била борова

шума и сува трева. На пожарот од 09:20 часот, интервенирале од **БППЗ Скопје** со 6 ПП возила и 25 пожарникари. Поради непристапноста на теренот, гаснењето било отежнато. Известени биле **РЦУК Карпош**, лицето за контакт при ЕЛС на **опш.Сарај** со сугестија ако е потребно истите да побарат помош од **ДЗС** т.е. активирање на ПП авионите. Од **опш.Сарај** биле известени и **ШС Караџица** и било побарано помош за гаснење. Пожарот е целосно изгаснат околу 22:10 часот (опш.Сарај);

Во периодот од 14:15 до 23:30 часот интервенирале за гаснење на запалена сува трева и мешана шума во **с.Кондово** на површина која не е утврдена. Интервенирано е со 1 ПП возило со 5 пожарникари и 5 вработени со 1 теренско возило од ШС Караџица (опш.Сарај).

Пожар над **нас.Пинтија е** целосно изгаснат околу 18:00 часот на ден **19.08.2019 година.**

Имале и 3 помали интервенции поради запалена сува трева, и 1 за запалено патничко моторно возило во градот и околината.

**РЦУК – Битола,** известува дека **ТППЕ Битола** имала една помала интервенција поради запалена сува во атарот на **с.Горно Оризари.**

**ТППЕ Прилеп** имала една помала интервенција поради запалена сува во атарот на **с.Стровија.**

**ТППЕ Кривогаштани** имала една помала интервенција поради запалена сува и депонија во атарот на **с.Боротино.**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Кичево,** во која се наведува дека имале една помала интервенција на запалено стрниште во атарот на **с.Зајас**.

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ Тетово** имала една помала интервенција поради запалена сува во близина на **автопатот Тетово – Гостивар.**

**ТППЕ Гостивар** имала една помала интервенција на запалената депонија во **с.Градец.**

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Куманово,** во која се наведува дека во текот на изминатото деноноќие имале 3 помали интервенции поради запалена сува трева 1 за запалена електрична инсталација и 1 за запалена трафостаница во градот и околината

**ТППЕ Крива Паланка** имала една помала интервенција на запалена сува трева и смет во околината на градот.

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ Македонска Каменица** имала една помала интервенција поради запалено патничко моторно возило во **с.Луковица.**

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Велес,** во која се наведува дека имале една помала интервенција поради запалена сува во атарот на **с.Марена.**

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **18.08.2019 година,** сите мерни параметри на автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈЗУ ИЈЗ** во која се наведува дека следниве примероци на вода за пиење **НЕ ОДГОВАРААТ** на законските и стручни прописи на бактериолошката и физичко- хемиската анализа заради:
- вода за пиење - водоводна мрежа – чешма во наставна канцеларија – **Миладиновци - Илинден – ВОДОВОД ЈКП**, заради зголемен вкупен број на бактерии на 22 степени Целзиус и присуство на Pseudomonas spp.
- вода за пиење-ладна вода, орг. Пак.-објект **ЛАЈФВОЧ МК - Скопје**, заради присуство на наод на калиформни бактерии и зголемен број на колонии 37 степени Ц.
- вода за пиење - ладна вода - вода од апарат за пиење – објект **ЛАЈФВОЧ МК - Скопје**, заради зголемен вкупен број на колонии на 37 степени Целзиус .

## 3. ПРОНАОЃАЊЕ НА НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

**РЦУК – Битола,** ја пренеусва информацијата од **ПС Прилеп** во која се наведува дека во во близина на **манастир СВ. Горѓија - Прилепско** била пронајдена 1 НУС. Истата е безбедно подигната и складирана од страна на **ДЗС Кичево**.

## 4. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *4.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради дефект на приклучна цевка Ф - 2“ на **ул.Сава Михајлов бр.8** со прекинато водоснабдување биле корисниците од **ул.Сава Михајлов зградите бр.6, 8** и **10** од 08:50 до 10:50 часот (опш. Гази Баба); Поради уличен дефект Ф - 2“ на **Бул.3-**

**та Македонска Бригада крак 1 бр.9** прекинато водоснабдување имале корисниците од **Бул.3-та Македонска Бригада крак 1 бр.9** од 12:10 до 20:00 часот (опш.Аеродром); Поради уличен дефект Ф – 80 мм на **ул.Борка Талевски бр.60** со прекинато водоснабдување биле корисниците од **улиците Борка Талевски, Атинска и Багдатска** од 15:00 до 16:25 часот (опш.Центар).

Поради уличен дефект Ф – 100 мм на **ул.Козле бр.1/43** прекинато водоснабдување од 13:10 часот имаат корисниците од **Нерези** и дел од **Жданец** (опш.Карпош);

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Водовод и канализација – Прилеп,** во која се наведува дека поради интервенирање на дефекти на водоводната мрежа, од 08:00 до 14:00 часот, без вода биле корисниците од **улиците Киро Базеркоски, Цар Самоил** како и **с.Големо Коњари**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард – Дебар,** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот има рестрикција во водоснабдувањето.

### *4.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 21.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 12:00 до 14:00 часот, корисниците од ул.Козле од бр.15 до бр.21 (опш.Карпош - Скопје);**
- **Од 09:30 до 15:00 часот, корисниците од дел од ул.Бистра Планина (опш.Прилеп);**
- **Од 09:00 до 13:00 часот, корисниците од индустриска зона с.Врапчиште, покрај Автопат Гостивар - Тетово (до приклучката за с.Добридол) (опш.Гостивар);**
- **Од 10:00 до 13:00 часот, корисниците од нас.Маврови Анови и селата Маврово, Леуново и Никифорово (опш.Гостивар);**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од дел од ул.Саса - 2, нас.Пинтија (најгорниот дел) (опш.Кисела Вода - Скопје);**
- **Од 10:30 до 14:00 часот, корисниците од улиците Илинденска, Браќа Миладинови, Јордан Стојанов и Партизанска (опш.Пробиштип);**
- **Од 10:00 до 14:30 часот, корисниците од с.Двориште (опш.Берово);**
- **Од 08:00 до 16:00 часот, корисниците од с.Бс и м.в Калин Камен (опш.Крива Паланка);**
- **Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците од с.Негорци, с.Прдејци и околните индустриски објекти (ДИЕМ ГП, Негорски Бањи,**

**Интерконстркшан, Душевна болница и Живинарска Негорци) (опш.Гевгелија);**

- **Од 08:30 до 11:00 часот, корисниците од дел од улиците Васил Ѓоргов (кај новото школо Капиштец) и Адам Мицкиевич (опш.Центар - Скопје);**
- **Од 09:00 до 11:00 часот, корисниците од дел од с.Грнчари (према с.Асамати) (опш.Охрид);**
- **Од 08:30 до 15:00 часот, корисниците од в.н Обозна, викенд наслеба покрај река Осојница и с.Лаки (опш.Виница).**
- **Од 10:00 до 13:30 часот, корисниците од с.Радичево, с.Сушево, с.Владиевци - Бензинската кај селото и Риле Пром, Ново Владевци, Старо Владевци и Дукатино (опш.Струмица).**

*4.3. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, **ТЕ – 2** работел со снага од 210 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 210 MW.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 278.000 квч електрична енергија.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 600.500 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 65.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 17.134 квч електрична енергија.

*4.4. Нарушување на сообраќајот*

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:00** часот на ден **20.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Виадукт Трејд исвестува дека на ден 19.08.2019 ќе се изведуваат градежни активности при поставување на индуктивни јамки на автопат, наплатна станица Тетово, патен правец Гостивар - Тетово во времетраење од 2 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Виадукт Трејд дека на ден 19.08.2019 ќе се започне со изведување на градежни активности за поставување на електрично осветлување на крстосница Катланово на магистрален пат А1, делница Петровец - Катланово, во времетраење од 30 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Виадукт Трејд известува дека на ден 19.08.2019 ќе започне со изведување на градежни активности на дел од ул. "Ѓорче Петров" од крстосница со бул. "Кузман Јосифовски Питу" до БС Макпетрол, патен правец Скопје - Тетово,во времетраење од 10 дена, за што ќе се изврши

промена на режимот на сообраќај (пренасочување на соседните улици, како и автобуските станици на ЈСП).

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини Богородица и Табановце се чека од 15 до 30 минути, на другите гранични премини од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истата важи за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

## 5. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *5.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

Од **УХМР** известуваат дека следува период на стабилно и топло време. Зголемена облачност се очекува за време на наредниот викенд.

### *5.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **20.08.2019 година** планирани се крводарителни акции со жителите на **Радовиш** и АРМ **Тетово.**

### *5.3. Минирања*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **рудници „Бањани“** во која се наведува дека во периодот до крајот на месецот, само во работни денови, од нивна страна ќе бидат изведени по две минирања во периодот меѓу 09:00 и 10:00 часот и 13:00 и 14:00 часот.

Од **Руд Проект** известуваат дека на ден **20.08.2019 година** во периодот од 08:00 до 16:00 часот на површионскиот коп за калцитски мермер **„Зелениковец“ – Говрлевска Краста – Скопско**, ќе вршат минирање.

Од **Рудопроект ДОО, Скопје** известуваат дека дека за потребите при изградбата на експресниот пат А2 Ранковце – Крива Паланка, во близина на с.Гиновци, од нивна страна ќе се изврши минирање.

Датумите за минирање се следниве:
- 21.08.2019 година во периодот од 10:00 до 18:00 часот на стационажа 11+845 до 11+820.
- 22.08.2019 година во периодот од 10:00 до 18:00 часот.
- 23.08.2019 година во периодот од 10:00 до 18:00 часот на стационажа 11+820 до 11+795.

***5.4. Останато***

**РЦУК – Скопје,** известува дека во 06:00 часот на ден **19.08.2019 година**, граѓанин пријавил многу тешка миризба на запалена пластика, гуми, миризба на хемикалии и слично. Состојбата се повторува долг период station наназад од реонот на **месноста Лака**. За истото ги известил и локалната управа во **опш.Ѓорче Петров, БППЗ и СВР Скопје** но немало ефект. Известени се и **Град Скопје**.

Во 14:00 часот, од страна на **Контрола на Летање Скопје** пријавен е пожар на локација над **с.Зелениково**. Стапено е во контакт со **РЦУК Кисела Вода** и истите се известени за настанатата состојба за понатамошно делување според СОП на ЦУК. Околу 14:20 часот од **РЦУК Кисела Вода** добиена е информацијата дека разговарале со одговорното лице на **опш.Зелениково** и истото не било запознаено за никаков пожар на нивна територија. Во 14:50 часот од одговорното лице од **ШС Караџица** добиена е информација дека и тие во моментов не се запознаени дека има некаков пожар над **с.Зелениково** и дека веднаш ќе пратат екипа за проверка. Во 18:00 часот од **ШС Караџица** известиле дека нема пожар во атарот на **с.Зелениково.**

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.231 од 19/20.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/231 од 19.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/488 од 19.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/277 од 19.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/231 од 19.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/230 од 19.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/323 од 19.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-252 од 19.08.2019; Известување за минирање од Рудопроект ДОО, Скопје од 19.08.2019; Информација од МЖСПП од 19.08.2019; Најава за планирани

прекини од ЕВН од 19.08.2019; Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 19.08.2019; Известувања од АМСМ од 19/20.08.2019.

**Подготвил:** Томислав Пуреовски
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива